ЗАПИСНИК

од 70-та седница на Советот на Општина Новаци одржана на ден 26.06.2025 год.
со почеток во 12:00 часот во просториите на општинската зграда во с. Новаци.

На седницата, од вкупно 9 (девет) советници, беа присутни сите членови на Советот на Општина Новаци: Славица Најдовска Стојковска - претседател, Николче Димовски, Пецо Дојчиновски, Сузана Јовановска, Љупчо Петровски, Иванчо Котевски, Александар Канзуровски, Горан Велјановски и Наумче Смилевски.

На седницата беше присутна Николина Лозановска - советник.

Д Н Е В Е Н Р Е Д

1. Разгледување и усвојување на Записник од 69-та седница на Советот на Општина Новаци;
2. Разгледување и донесување на Одлука за пренамена на средствата во Буџетот на Општина Новаци за 2025 год.;
3. Разгледување и донесување на Одлука за прифаќање на донација од „СТОЛБ“ ДООЕЛ, Битола;
4. Разгледување и донесување на Одлука за давање на согласност на Преглед за формирање на комбинирани паралелки од I до V одделение во ООУ „Славко Лумбарковски“ - Новаци за учебната 2025/26 год.;
5. Разгледување и донесување на Одлука за давање на согласност на Преглед за формирање на чисти паралелки од I до IX одделение во ООУ „Славко Лумбарковски“ - Новаци за учебната 2025/26 год.;
6. Разгледување и усвојување на Годишен план за вработување за 2026 година на ООУ „Славко Лумбарковски“ Новаци;
7. Разгледување и усвојување на Финансиски извештај за работењето на ЈПКД „Комунална хигиена“, Новаци за период од 01.01.2025 до 31.03.2025 год.;
8. Разгледување на Барање за финасиски средства од Одделение за одбрана за регион Битола за организирање на меморијалниот турнир „Влатко, Благојче и Пеце 2001“;
9. Разгледување на Барање за набавка на градежни материјали од Црковен одбор на параклис - манастир „Св. Илија“, Новаци;
10. Разгледување на Барање за набавка на градежни и електро материјали од Управен одбор на манастирот „Рожденство на Пресвета Богородица“, Новаци ;
11. Разгледување на Барање за набавка на градежни материјали од Црковен одбор на манастирот „Св. Атанасиј Велики“, с. Старавина;
12. Разгледување на Барање за набавка на градежни материјали од Црковен одбор и месна заедница на с. Гермијан за изградба на помошна просторија во манастирот „Св. Климент Охридски“ с. Гермијан;
13. Разгледување на Барање за финансиска поддршка од Огранок на пензионери, Општина Новаци, за остварување на програмските активности за 2025 год.;
14. Разгледување на Барање за финансиска поддршка од Здружение на воени инвалиди и ветерани „Братство 2001“- Битола;
15. Разгледување на Финансиска програма за 2025 год. (есенски дел) од ЗФК „Новаци 2005“, Новаци;
16. Разгледување на Финансиска програма за 2025 год.(есенски дел) од ЗФК „Новаци 2005“, Новаци (младинска школа);
17. Советнички прашања.

Пред да се разгледа дневниот ред на 70-та седница на Советот на Општина Новаци, Претседателката на Советот, Најдовска Стојковска, зеде збор и пред Советот на Општина Новаци предложи, дневниот ред да се измени така што нема да се разгледуваат точките бр. 11, 15 и 16 поради потреба од дополнителни информации за истите, но истовремено дневниот ред да се дополни со 1 (една) точка, која треба неодложно да се разгледа на оваа седница:

1. Разгледување на Барање за набавка на водоводна инсталација од месна заедница на с. Гермијан.

Советниците го разгледаа Дневниот ред со предложената измената и дополнување, така што со **9 гласа за** го прифатија Дневниот ред на 70-та седница на Советот на Општина Новаци, кој со измената и дополнувањето е составен од 15 (петнаесет) точки, со тоа што точката бр. 17 - Советнички прашања, преминува во точка бр. 15.

1. **точка** Разгледување и усвојување на Записник од 69-та седница на Советот на Општина Новаци;

По разгледувањето, Записникот од 69-та Седница беше ставен на гласање и усвоен со **9 гласа за.**

2. **точка** Разгледување и донесување на Одлука за пренамена на средствата во Буџетот на Општина Новаци за 2025 год

По однос на оваа точка, збор зеде Претседателката на Советот, Најдовска - Стојковска, која пред советниците даде објаснување за потреба од пренамена на средствата во Буџетот на Општина Новаци за 2025 год. која се однесува на обезбедување на средства за надомест за годишен одмор на вработените на Општина Новаци.

Советот на Општина Новаци со **9 гласа за** донесе Одлука за пренамена на средствата во Буџетот на Општина Новаци за 2025 год.

3. **точка** Разгледување и донесување на Одлука за прифаќање на донација од „СТОЛБ“ ДООЕЛ, Битола

Советот ја разгледа одлуката која се однесува за прифаќање на идеен сообраќаен проект за режим на сообраќај на магистрална улица низ село Новаци, така што по дискусијата, советниците гласаа и со **9 гласа за** донесоа Одлука за прифаќање на донација од „СТОЛБ“ ДООЕЛ, Битола.

*Советничката Сузана Јовановска, како вработена во ООУ „Славко Лумбарковски“ – Новаци не гласаше за точките бр. 4, 5 и 6.

4. **точка** Разгледување и донесување на Одлука за давање на согласност на Преглед за формирање на комбинирани паралелки од I до V одделение во ООУ „Славко Лумбарковски“ - Новаци за учебната 2025/26 год.

По однос на четвртата точка, Советниците го разгледаа Прегледот и со **8 гласа за** донесоа Одлука за давање на согласност за формирање на комбинирани паралелки од I до V одделение во ООУ „Славко Лумбарковски“ Новаци за учебната 2025/2026 година.

5. **точка** Разгледување и донесување на Одлука за давање на согласност на Преглед за формирање на чисти паралелки од I до IX одделение во ООУ „Славко Лумбарковски“ - Новаци за учебната 2025/26 год.

Советниците го разгледаа Прегледот така што со **8 гласа за** донесоа Одлука за давање на согласност за формирање на чисти паралелки од I до IX одделение во ООУ „Славко Лумбарковски“ Новаци, за учебната 2025/2026 година

6. **точка** Разгледување и усвојување на Годишен план за вработување за 2026 година на ООУ „Славко Лумбарковски“ Новаци

Советот на Општина Новаци, го разгледа Годишениот план за вработување за 2026 год., при што воочи дека во 2026 год. во ООУ „Славко Лумбарковски“ Новаци е планирано едно вработување - хигиеничар што всушност преставува пополнување на работно место кое е слободно поради смрт на вработен.

Советот на Општина Новаци со **9 гласа за** донесе Одлука за давање на Согласност на Годишниот план за вработување на ООУ „Славко Лумбарковски“ с. Новаци за 2026 година.

7. **точка** Разгледување и усвојување на Финансиски извештај за работењето на ЈПКД „Комунална хигиена“, Новаци за период од 01.01.2025 до 31.03.2025 год.

Советот на Општина Новаци го разгледа Финансискиот извештај и воочи дека ЈПКД „Комунална хигиена“ Новаци, во првиот квартал остварува позитивен финансиски резултат во износ од 579. 983,00 ден.

Советниците со **8 гласа за** донесоа Одлука за усвојување на Финансиски извештај за работењето на ЈПКД „Комунална хигиена“ Новаци за период од 01.01.2025 до 31.03.2025 година

8. **точка** Разгледување на Барање за финасиски средства од Одделение за одбрана за регион Битола за организирање на меморијалниот турнир „Влатко, Благојче и Пеце 2001“

Советот го разгледа Барањето за финансиски средства за организирање на меморијален турнир поради чевствување на годишнината на загинатие бранители, припаници на безбедностите сили во конфликтот од 2021 год. кај селото Гајре.

Советниците **едногласно** донесоа Одлука за доделување на финасиски средства за организирање на меморијален турнир „Влатко, Благојче и Пеце 2001“ во износ од 10.000,00 ден.

9. **точка** Разгледување на Барање за набавка на градежни материјали од Црковен одбор на параклис - манастир „Св. Илија“, Новаци

Советниците го разгледаа Барањето за набавка на градежни материјали, потребни за изградба на трперзариска сала и кујна и со **9 гласа за** донесоа Одлука за одобрување набавка на градежен материјал на параклис - манастир „Св. Илија“, с. Новаци во износ од 30.000,00 ден.

10. точка Разгледување на Барање за набавка на градежни и електро материјал од Управен одбор на манастирот „Рожденство на Пресвета Богородица“, Новаци

Советот на Општина Новаци го разгледаа Барањето за набавка на градежни материјали потребни за изградба на кујна во комплексот на манастирот така што **едногласно** донесе Одлука за одобрување набавка на градежен и електро материјал на манастирот „Рожденство на Пресвета Богородица“, Новаци во износ од 100 000,00 ден.

11. точка Разгледување на Барање за набавка на градежни материјали од Црковен одбор и месна заедница на с. Гермијан за изградба на помошна просторија во манастирот „Св. Климент Охридски“ с. Гермијан

Советниците го разгледаа Барањето за набавка на градежни материјали потребни за изградба на помошна просторија на манастирот. По кратката дискусија советниците гласаа така што со **9 гласа за** донесоа Одлука за одобрување набавка на градежен материјал на манастирот „Св. Климент Охридски “, с. Гермијан во износ од 80 000,00 ден.

12. точка Разгледување на Барање за финансиска поддршка од Огранок на пензионери, Општина Новаци, за остварување на програмските активности за 2025 год.;

Огранок на пензионери, Општина Новаци, достави барање до Советот на Општина Новаци за финансиска помош за реализација на нивните програмски активности. По разгледувањето и дискусијата Советот на Општина Новаци со **9 гласа за** донесе Одлука за одобрување на еднократна финансиска помош на Огранок на пензионери на Општина Новаци во износ од 100.000,00 ден.

13. точка Разгледување на Барање за финансиска поддршка од Здружение на воени инвалиди и ветерани „Братство 2001“- Битола;

Советниците го разгледаа Барањето за финансиска помош на Здружението која е потребна за реализација на нивните програмски активности. По кратката дискусија Советот со **9 гласа за** донесе Одлука за одобрување на еднократна финансиска помош на Здружението на воени ветерани и инвалиди „Братство 2001“ во висина од 20.000,00 ден.

14. точка Разгледување на Барање за набавка на водоводна инсталација од месна заедница на с. Гермијан

Советот на Општина Новаци го разгледаа Барањето за набавка на градежни материјали за санирање на водоводната инсталација што ќе продонесе за подобрување на водоснабдувањето на месното население. По дискусијата советниците со **9 гласа за** донесоа Одлука за одобрување набавка на градежен материјал на месна заедница од с. Гермијан во износ од 40.000,00 ден.

15. точка Советнички прашања.

Советот на Општина Новаци, немаше дополнителни прашања со што 70-та седница на Советот на Општина Новаци заврши со работа.

Записничар: Н. Лозановска

Совет на Општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска Стојковска